# ГОДИШЕН
# ИЗВЕШТАЈ

ЗА РАБОТАТА
НА ДРЖАВНАТА
КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
НА КОРУПЦИЈАТА

ЗА ПЕРИОДОТ
НОЕМВРИ 2002
НОЕМВРИ 2003

# ПРЕДГОВОР

**Почитувани читетели,**

Пред вас се наоѓа првиот Годишен извештај на Државната комисија за спречување на корупцијата, во кој на објективен и отворен начин се презентирани сите активности преземени од страна на Државната комисија во текот на 2003 година, со цел за исполнување на обврските кои произлегуваа од Законот за спречување на корупцијата. Беше тоа година на предизвик во која Државната комисија успеа да се востанови како државен орган го најде своето место во општественото живеење и делување во Република Македонија и оствари влијание во зајакнување на одговорното и отчетното однесување на носителите на функции и на правните лица кои располагаат со државен капитал.

Членовите на Државната комисија со заедничка работа успејаа да воспостават практика и процедури за примена на Законот, да ја задржат големата доверба искажана од страна на граѓаните, но и да остварат добра комуникација и соработка со институциите кои имаат надлежности во превенцијата и борбата против корупцијата, со невладиниот сектор и со медиумите. Она што го постигнавме Ви го ставаме на увид на начин кој стана препознатлив и одлика на Државната комисија: сосема транспарентно и објективно. На тој начин ќе можете да ја согледате и оцените работата на Државната комисија и со своите коментари и оценки да дадете свој придонес во подобрување на нејзината работа.

Да се биде во првиот состав на Државната комисија за спречување на корупцијата претставува особена чест и гордост, но и голема обврска за сите нас, нејзините членови. Да се биде нејзиниот прв претседател претставуваше уште поголема чест и обврска, која во значителна мера ми беше олеснета од добрата соработка и чувството дека се создаде тим кој функционира на основите на меѓусебна почит и спремност за соработка.

На вработените во Секторот за превенција на криминалот и спречување на корупцијата им ја изразувам својата искрена благодарност за соработката и безрезервното ангажирање. Со својата стручност, професионален однос, инвентивност и ведрина, тие придонесоа за успешно извршување на нашите обемни и сложени обврски.

*д-р Слаѓана Тасева*

## Вовед

### *Формирање и услови за работа на Државната комисија*

Државната комисија за спречување на корупцијата во Република Македонија (во натамошниот текст Државна комисија) е формирана врз основа за Законот за спречување на корупцијата, донесен во април 2002 година („Службен весник на РМ", бр. 28 од 2002 година). Согласно со членот 1 од Законот, Државната комисија се конституира како независна со надлеженост да ги утврдува мерките за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверени јавни овластувања, мерките за спречување на судирот на интереси, како и мерките за спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварување на власта.

За првпат во Република Македонија Државната комисија е конституирана на 12 ноември 2002 година, кога Собранието на Република Македонија ги избра членовите на Комисијата: Вања Михајлова, Јован Трпеновски, Сами Асани, Михајло Маневски, Нервет Хисмани, Драган Малиновски и д-р Слаѓана Тасева.

Веднаш по конституирањето Државната комисија презеде поголем број непосредни мерки и активности за институционално оформување, како и за утврдување на начинот на работа и дејствување на Комисијата. Во овие рамки ги донесе Деловникот за работа на Државната комисија како и Програмата за работа во 2003 година. Согласно Законот, Државната комисија изготви пресметка за Предлог на буџет за финансирање на активностите во 2003 година, како дел од пресметката на буџетот на Собранието на Република Македонија. Во текот на 2003 година Државната комисија располагаше со вкупен буџет од 11.160.000 денари, кој ефективно почна да се користи во средината на април 2003 година, по усвојувањето на Буџетот за 2003 година од страна на Собранието.

Во соработка со Собранието и Владата на Република Македонија во почетокот на 2003 година преземени се активности за решавање на просторните, кадровските и техничките услови за ефикасна работа на овој државен орган. Така, до крајот на мај 2003 година Државната комисија ги остваруваше своите активности во една од просториите на Министерството за правда, од кога привремено е сместена во простории во Гратскиот трговски центар. Во овој период се одвиваше и кадровското екипирање на Секторот за организиран криминалитет и корупција формиран во Министерството за правда, кој сега е составен од 5 лица со претходно работно искуство во државната администрација и судството.

Техничкото опремување на просториите во кои работи Државната комисија се врши преку службата за јавни набавки на Собранието и се уште не е целосно завршено.

Конституирањето на Државната комисија без претходно да бидат направени сите неопходни подготовки за нејзина работа во одредена мерка се одрази на ефикасноста во работењето, а фактор кој дополнитлно ја отежнуваше работата на овој орган беше и специфичната поставеност на Државната комисија без статус на правно лице. Сето ова влијаеше процесот на имплементирање на одлуките донесени од страна на Државната комисија што се однесуваа на функционирањето да оди бавно, а речиси целосно го оневозможи ефикасното решавање на статусните прашања за членовите на Комисијата.

## *Статус на Комисијата и членовите*

Согласно со членот 47 од Законот, Државната комисија е самостојна и независна во извршувањето на нејзините законски надлежности. Иако формално со изборот на членовите, Државната комисија е формирана од Собранието, таа не е собраниско тело, ниту пак претставува орган на Владата. За својата работа членовите на Државната комисија одговараат пред Собранието на Република Македонија.

Согласно со членот 48 од Законот, членовите на Државната комисијата се избрани со мандат од 4 години без право на реизбор, а мандатот на претседателот, кој се избира од составот на избраните членови на Комисијата, е една година, без право на повторен избор. За прв претседател на Комисијата е избрана д-р Слаѓана Тасева.

Согласно со членот 50 став 1 од Законот, членовите на Држа-вната комисијата имаат статус на именувани лица, кои функцијата за која се именувани ја остваруваат паралелно со своите редовни работни обврски на работните места на кои биле вработени и пред именувањето, односно немаат професионален статус на вработени во Државната комисијата.

Оценка на членовите на Комисијата по едногодишното извршување на оваа функција е дека вака утврдениот начин на избор и статусот на членовите овозмо-жуваат независност во извршу-вањето на функцијата и целосно зачувување на интегритетот на Државната комисија и на нејзините членови, од какви било влијанија во извршувањето на функцијата и во преземањето на активностите. Независниот статус на членовите и на Комисија би можел дополнително да се зајакне со обезбедување на статус на правно лице за Државната комисија.

За извршување на функцијата за која се именувани, членовите на Државната комисијата согласно со членот 50 од Законот треба да примаат месечен надоместок од две просечни плати во бруто износ, кој го утврдува Комисијата за избори и именување на Собранието на Република Македонија. Покрај тоа што

законската одредба е децидна, ова прашање во практиката се уште не е докрај разрешено. Оценувајќи дека оваа одредба погрешно е применета од страна на собраниската Комисија за избори и именување, членовите на Државната комисија се обратија до Владата на Република Македонија со барање до Собранието да биде доставено барање за автентично толкување на оваа законска одредба. Откако Владата со заклучок се огласи за ненадлежна, барањето е доставено преку пратеник.

Членот 20 од Законот, исто така, предвидува дека на лицата што работат на сузбивање на корупцијата им се обезбедува целосна заштита и независност, заради ефикасно извршување на нивните овластувања и должности и врз нив не смее да се врши никаков притисок во работата или во преземањето конкретни дејствија. Според оваа одредба Владата има обврска со посебна програма да ги обезбеди персоналните, едукативните, финансиските и други услови за ефикасно вршење на работите на сузбивањето на корупцијата. Оваа законска одредба претставува директна имплементација на Резолуцијата (94) 24 за дваесетте раководни принципи за борба против корупцијата, усвоена од Комитетот на министри на земјите членки на Советот на Европа. Во врска со споменатите обврски кои произлегуваат од Законот, Државната комисија повеќе пати со конкретни барања се обрати до Владата, за чие решавање таа исто така се огласи за ненадлежна, повикувајќи се на фактот дека членовите на Комисијата ги избира Собранието.

## РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

### *а) Одржани седници, состаноци и други активности*

Согласно Деловникот за работа, Државната комисија работи на седници, кои се одржуваат најмалку еднаш неделно. Ваквите предвидувања за интензитетот на работата беа поставени во Деловникот за работа веднаш по формирањето на Државната комисија, но обемот на работата што произлезе од имплементацијата на законските обврски и од Програмата за работа, како и големиот обем на пријави доставени од граѓаните, наметна значително поголем интензитет на работа. Така, заклучно со 02. 12. 2003 година Комисијата одржа вкупно 55 седници или во просек една седница во текот на секоја недела од календарската година.

Покрај одржаните седници, во текот на годината претседателот и членовите на Државната комисијата одржале вкупно 79 состаноци со

претставници на домашни и странски институции и органи, како и со меѓународни организации. Во овие рамки одржани се пет состаноци со Премиерот на Владата на Република Македонија, две средби со Претседателот на Собранието а на две седници на Владата на кои се расправаше за Државната програма за превенција и репресија на корупцијата учествуваше Претседателот на Државната комисија. Исто така, во текот на годината по барање на граѓаните и по барање на Државната комисија остварени се повеќе од 1200 средби со граѓани.

Во извештајниот период членовите на Државната комисија учествувале и на 27 домашни и меѓународни конференции и семинари, на кои се разгледувани повеќе прашања во врска со корупцијата и организираниот криминал.

Во текот на годината Државната комисија одржа 11 конференции за медиумите, на кои информираше за преземени активности од доменот на своите надлежности, а остварени се и голем број средби со новинари, интервјуа, разговори и учества во дебатни емисии.

### *б) Соработка со други државни органи и институции*

Една од основните задачи на Државната комисија беше воспоставувањето на ефикасна соработка со сите државни органи и институции кои имаат надлежности во борбата против корупцијата, како и со институции и органи што остваруваат јавни функции во рамките на кои преземаат мерки и активности од значење за остварување на законските надлежности на Државната комисија.

Во оваа смисла од особено значење беше да се обезбеди воспоставување на соработка во рамки на која Државната комисија ќе го обезбеди своето место за дејствување во рамки на институциите на начин што ќе овозможи исполнување на нејзините законски надлежности, без да го загрозува функционирањето и да навлегува во надлежностите на другите институции и органи. За оваа цел веднаш по конституирањето, како и повеќепати во текот на годината, членовите на Државната комисија одржаа посебни состаноци со Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, Републичкото јавно обвинителство, Царинската управа и Управата за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење на пари и Финансиската полиција, потоа со Заводот за државна ревизија, Јавното правобранителство, Агенцијата за приватизација, групата ГРЕКО за Република Македонија, Министерството за транспорт и врски, Министерството за економија, Министерството за образование, ректорите на сите три Универзитети во Република Македонија, Агенцијата за државни службеници, Народната банка на Република Македонија и други. Соработка беше остварена и со дел од приватниот сектор, особено од сферата на банкарското и финансиското работење, како и со дру-

ги независни контролни и регулаторни тела, како што се Државната изборна комисија и ново формираното Регулаторно тело за енергетика. Исто така, значајно внимание во рамките на своето работење, Државната комисија и посвети и на соработката со невладиниот сектор и медиумите, преку редовни комуникации и учество во нивни активности на планот на превенцијата на корупцијата.

Со најголем дел од споменатите државни органи и институции воспоставена е редовна и ефикасна соработка, која, покрај тоа што овозможи остварување на законските обврски и надлежности на Комисијата, придонесе и за подобрување на ефикасноста на овие органи, како во рамки на остварување на нивната функција и надлежности, така и за развивање на активности за поставување на внатрешни превентивни механизми за спречување на корупцијата.

Соработката со дел од државните органи, како што се Министерставото за Финансии и Министерството за транспорт и врски, Државната комисија ја оценува како незадоволителна. Ваквата оценка произлегува од фактот што недоволната комуникација со Министерот за финансии придонесе за тоа во текот на изминатата година да не биде воспоставен ефикасен систем за проверка на анкетните листови за пријавување на имотната состаојба на избраните и именувани функционери, за што законска обврска има Управата за јавни приходи, како и за прашањата поврзани со дел од другите надлежности на ова министерство во сферата на постапките за денационализација и јавни набавки. Министерот и одговорните лица во Министерството за транспорт и врски, исто така, не беа подготвени за ефикасна соработка со Државната комисија, што се одрази како на ефикасноста на постапувањето по конкретни предмети, така и на севкупните состојби на недостаток на контрола и одговорност во оваа сфера.

Покрај настојувањата и повеќекратното доставување на барање за средба, Државната комисија во овој период не оствари средба со Врховниот суд на Република Македонија, а соработката со претставниците на судската власт во најголем дел беше сведена на контакти со Здружението на судии и судии поединци, во рамки на учество на други состаноци, конференции и семинари. Надминувањето на ваквата состојба и воспоставувањето на дирактна комуникација со Врховниот суд и другите судски инстанци може само да придонесе за изнаоѓање на ефикасни решенија за обезбедување на независноста на судството, за подобрување на ефикасноста во работата на судовите но и за востановување на ефикасни системи за контрола над работењето во судството, од аспект на намалување на можностите за корупција. Во овие рамки соработката со Републичкиот судски совет беше воспоставена по наименувањето на новиот состав и новиот претседател на Советот.

Во текот на годината иницијатива за соработка со Државната комисија имаше и од страна на поодделни пратенички групи на Собранието на Република Македонија, кои организираа дебати за утврдување на етички кодекс за пратениците, како и за изготвувањето на закон за финансирањето на политичките партии.

### *в) Постапка по анкетни листови за пријава на имотната состојба*

Во текот на годината, согласно со членот 33 став 1 од Законот за спречување на корупцијата, до Државната комисија се доставени вкупно 2742 анкетни листови со податоци за имотот во сопственост на избраните и именувани функционери и членовите на нивните семејства, дополнети со заверена изјава за откажување од заштита на банкарската тајна во однос на сите сметки во домашни и странски банки. Исто така, согласно со членот 34 од Законот, доставени се и 26 известувања за промени во имотна состојба во вредност што го надминува износот од дваесет просечни плати.

Во вкупната бројка на лица што доставиле анкетни листови опфатени се сите избрани и именувани лица кои со овој статус се стекнале во периодот по формирањето на Државната комисија, како и сите избрани и именувани лица кои имале ваков статус пред формирањето на Државната комисија, во времето кога стапил во сила Законот со кој се уредува ваквата обврска.

Покрај тоа што Законот предвидува обврска за доставување на анкетен лист во рок од 30 дена по изборот или стапувањето на должност, односно таа формално се однесува за лицата избрани и именувани во периодот по донесување на Законот и по формирањето на Државната комисијата како орган до кој се доставуваат анкетните листови, имплементацијата на оваа законска обврска се одвиваше на начин кој делумно отстапува од законската одредба. Имено, Државната комисија на една од своите први седници донесе заклучок да ги повика сите избрани и именувани лица, кои со ваков статус се стекнале пред донесувањето на Законот и формирањето на Државната комисија, да пополнат и да поднесат анкетен лист. Во оваа група на лица влегуваа Претседателот на Република Македонија и сите судии и јавни обвинители, кои биле избрани односно именувани и неколку години пред донесувањето на Законот. Образложението за ваквиот заклучок кое беше презентирано преку медиумите, се темелеше на фактот дека ваквата обврска се воведува за првпат, поради што беше неопходно да се добие целосна претстава за имотната состојба на оваа структура на лица, како предуслов за ефикасно следење на сите натамошни промени.

Реакцијата на заклучокот на Државната комисија беше позитивна, така што во текот на годината анкетни листови за пријавување на имот доставија 651 судија од сите

инстанци на судството, како и 185 јавни обвинители. Подготвеноста да се доставуваат пријавите за имотната состојба беше позитивен показател за подготвеноста на носителите на јавни функции да се вклучат во активностите за превенција и репресија на корупцијата.

Сепак и покрај позитивните резултати во имплементирањето на оваа законска одредба, Државната комисија во текот на годината до надлежните судови поднесе барање за поведување на прекршочна постапка против 78 лица што не доставиле анкетни листови. Пет од овие барања се решени со изречена прекршочна опомена и со запирање на постапката, додека Државната комисијата по поднесена замолница донесе заклучок да повлече едно барање поднесено против член на управен одбор. По барање од Премиерот, Државната комисија до Владата достави информација со податоци за избраните и именувани лица што не ја исполниле законската обврска за поднесување на анкетен лист, но во текот на годината не е добиена повратна информација за преземените мерки.

На почетокот на својот мандат, Државната комисија го ревидираше анкетниот лист усвоен од Владата, на начин што во новиот образец беше вградена можност за внесување на поголем број податоци неопходни за ефикасно прикажување и натамошно следење на промените во имотната состојба.

## *Постапка во Управата за јавни приходи*

Согласно со членот 33 став 3 од Законот, анкетниот лист и изјавата се доставуваат до Државната комисија и до Управата за јавни приходи. Ваквата законска обврска за Управата значеше создавање на дополнителна работна обврска и нов квалитет на работни задачи што претходно не беа организационо поставени согласно со Законот за Управата за јавни приходи. Во оваа смисла беше наметната потреба за организирање со запазување на специфичниот карактер на оваа задача и со висок степен на доверливост на прибраните податоци. Оваа постапка се наметна во два сегмента: при постапката за прибирање на анкетните листови и при водењето на постапката за испитување и утврдување на состојбите. За правилно поставување на работата и утврдување на постапката, Управата донесе Инструкција за прием и евидентирање на анкетните листови, со која детално се утврдени интерната постапка и начинот на соработка со Државната комисија. Исто така, имајќи ја во предвид специфичноста на постапката за испитување на имотната состојба која Управата ја води согласно со членот 36 од Законот за спречување на корупцијата, Управата изготви посебна Инструкција за постапката на испитување на имотната состојба, која треба да обезбеди унифицирано постапување во сите регионални дирекции на Управата, а одржа и еднодневна презентација со објасну-

вање на постапката на која присуствуваа лицата што се посебно овластени за водење на овие постапки.

Преку преземените подготвителни активности Управата за јавни приходи обезбеди формално уредување на постапката, како еден од предусловите за ефикасно извршување на оваа законска обврска. Со започнувањето на постапките за проверка на содржината на анкетните листови и нивна споредба со постојните евиденции Управата се соочи со проблемите на недоволна кадровска пополнетост и техничка опременост, со непостоење на централизирана и компјутеризирана база на податоци, како и со потребата од соработка со други надлежни органи кои водат одделни евиденции за имот што е наведен во анкетните листови. Сите овие проблеми ја отежнуваат постапката за проверка на имотот, како од аспект на брзината во постапувањето, така и од аспект на сочувување на потребната доверливост на постапките.

Исто така, за обезбедување на ефикасност во имплементацијата на оваа законска обврска неопходна е дополнителна едукација на вработените во Управата и во другите органи кои располагаат со одделни евиденции, како и дополнително организирање и координација на нивната работа.

Покрај презентираните тешкотии во постапка во Управата за јавни приходи по барање на Државната комисија се водат 4 постапки за испитување на имотната состојва на лица во согласност со членот 36, како и 34 постапки за испитување на имотната состојба на правни лица во согласност со членот 59 став 5 од Законот.

### *г) Постапка по пријави од граѓани*

Во текот на извештајниот период до Државната комисија се доставени вкупно 603 претставки од граѓани, од кои 170 се однесуваат на работата на државни органи, 97 се однесуваат на постапките за приватизација, 96 претставки се во врска со работата на судството, 89 претставки за работата во јавни претпријатија, здравството и образованието, 54 се различни укажувања за девијантни појави во претпријатија, 32 за неправилности во стечајна постапка и 65 други предмети. Покрај претставките Државната комисија во 15 случаи покренала постапка по сопствена иницијатива. (Прилог бр. 1, Табела 1)

Од вкупно доставените, Државната комисија постапувала по 427 или 70,8% од претставките, од кои целосно се решени 129 или 30%. Во 68 или 15,2% од претставките по кои постапувала Државната комисија утврдила дека нема надлежност за натамошно водење на постапката, за 5 предмети по добиени дополнителни информации е утврдено дека нема неправилности во постапките, 43 (10,7%) предмети се доставени на постапување до надлежни државни органи, а за 12 предмети до надлежните државни органи се поднесени иницијативи за поведување на постапки или преземање на конкретни мерки.

Во рамки на постапките Државната комисија доставила вкупно 311 дописи до надлежни државни органи од кои се добиени вкупно 196 одговори.

### *1. Претставки за неправилности во постапките за приватизација*

Од вкупно доставените 97 претставки што се однесувале на неправилности во постапките за приватизација, Државната комисија постапувала по вкупно 88 предмети, од кои целосно се решени 17 или 17,5%. Притоа до надлежните органи се поднесени 4 иницијативи за поништување на договорите за приватизација, 2 иницијативи за утврдување на кривична одговорност, 5 предмети се доставени за постапување до надлежни државни органи, во рамки на кои од надлежните јавни обвинителства се добиени известувања за покренати 2 кривични постапки. Во рамки на овие постапки доставени се 107 дописи со барање за преземање на активности и добивање на дополнителни информации до 14 надлежни државни органи, од кои се добиени 86 одговори. (Прилог бр. 1, Табела 2).

Постапувајќи согласно законските надлежности, а имајќи ги предвид мерките преземени од страна на другите државни институции, Државната комисија до Јавниот правобранител на Република Македонија поднесе иницијатива за поведување постапка пред надлежниот Основен суд Скопје за поништување на одлуките врз основа на кои е извршена трансформацијата на АД “ФЕРШПЕД” - Скопје, во согласност со членот 99 ст. 4 од Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Основа за поднесување на оваа иницијатива беа основаните укажувања од претставката за повредите на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал при склучувањето на договорот број 1813 за продажба на претпријатието на лица кои го преземаат управувањето и раководењето на претпријатието, склучен на 19. 04. 1995 година помеѓу г. Штерјо Наков, во својство на застапник на лицата што го преземаат управувањето и водењето на претпријатието АД “ФЕРШПЕД” - Скопје и Агенцијата на Р. Македонија за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Во Договорот (член 6) е прикажано дека купувачите, односно лицата што го преземаат управувањето и водењето на работите на претпријатието АД ФЕРШПЕД поседуваат, односно откупиле, 13,99% од вкупниот број на акциите на претпријатието.

Другите три иницијативи за поништување на договорите за приватизација кои се доставени до Јавниот правопбранител на Р. Македонија се однесуваат за приватизациите на Ветеринарната станица од Охрид, ИГМ Џумајлија од с. Лозово и Макпромет од Штип. Иницијативите за поведување на кривична постапка против одговорни лица, што се доставени до надлежните јавни

обвинителства, се во врска со приватизацијата на ЗИК Сточарство и преработка Куманово од Куманово и „Порцеланка" од Велес, а во текот на постапката по поднесените претставки, од надлежните јавни обвинителства се добиени информации за веќе покранети кривични постапки во врска со приватизацијата на АД Славија од Скопје и угостителство и туризам од Кочани.

Постапките по сите наведени случаи се во тек.

## *2. Претставки за работа на државни органи*

Во текот на годината граѓаните до Државната комисија доставиле вкупно 170 претставки со кои укажуваат на неправилности во работата на државни органи. Најголем дел од овие претставки се однесуваат на работата на Министерството за транспорт и врски и неажурноста на Државниот градежен инспекторат, Работата на Министерството за финансии во врска со предметите за денационализација, како и укажувања за злоупотреби на службената положба на вработени во Министерството за внатрешни работи. Државната комисија постапувала по вкупно 110 од овие предмети од кои целосно се решени 30 или 27,3%. Притоа, во 17 случаи е констетирано дека Државната комисија нема надлежност да постапува, 12 предмети се доставени на надлежност до други органи, а во 1 случај е поднесена иницијатива за разрешување на началник во Министерството за внатрешни работи.

Во рамките на овие постапки доставени се 52 дописи со барање за преземање на активности и добивање на дополнителни информации до 14 надлежни, од кои се добиени 27 одговори. (Прилог бр. 1, Табела 3)

## *3. Претставки во врска со работата во јавните претпријатија, здравството и образованието*

Од вкупно доставените 89 претставки што се однесувале на работата на јавните претпријатија, како и на ресорите здравство и образование Државната комисија постапувала по вкупно 57 предмети, од кои целосно се решени 19 или 33,3%. Притоа, до надлежните органи е поднесена една иницијатива за утврдување на кривична одговорност, 11 предмети по утврдување на фактичката состојба се доставени на постапување до надлежни државни органи, додека само во 5 предмети Државната комисија утврдила дека нема надлежност за постапување и истите се доставени до надлежни државни органи. Во рамките на овие постапки доставени се 31 допис со барање за дополнителни информации до 11 надлежни државни органи, од кои се добиени 11 одговори. (Прилог бр. 1, Табела бр. 4)

### *4. Претставки за работата на судството*

Значаен дел од претставките што беа доставени до Државната комисија во текот на годината се однесуваа на работата на судството. Притоа, граѓаните во најголем дел укажуваат на долготрајноста на постапките, на неправилностите во начинот на нивното водење, но и на состојби во кои судиите и покрај тоа што целосно ја запазиле формалната страна на постапките, со донесените одлуки направиле материјална повреда на правото. Имајќи го предвид значењето на работата на судството во целосното воспоставување на владеење на правото во Република Македонија, како и независноста на судството и принципот на самостојност во донесувањето на судските одлуки, Државната комисија со посебно внимание ги обработуваше овие предмети. Така од вкупно доставените 96 претставки во оваа сфера, постапувала по 59 или 74,7% од предметите. Притоа, за 17 предмети е донесен заклучок за ненадлежност, а странките се упатени да се обратат до повисоките судски инстанци. Во 8 случаи претставките се доставени до РСС како орган надлежен за контрола на работата на судиите, а во два случаи Државната комисија е известена дека надлежните јавни обвинителства покренале кривични постапки против судии. Во еден случај станува збор за судија кој бил вклучен во стечајна постапк. Во рамки на овие постапки доставени се 31 дописи со барање за дополнителни информации до 11 надлежни државни органи, од кои се добиени 17 одговори. (Прилог бр. 1, Табела бр. 5)

### *5. Претставки во врска со стечајни постапки*

Во текот на изминатата година до Државната комисија се доставени 32 претставки со укажувања за неправилности во стечајните постапки, од кои по 23 е поведена постапка за утврдување на фактичката состојба, а во 4 од пријавените случаи констатирано е дека Комисијата нема надлежност за постапување. Во најголем дел од овие предмети постапките за целосно утврдување на фактичката состојба се уште се во тек.

Постапувајќи по овие предмети Државната комисија констатирала редица неправилности, кои преку анализата на поголем број случаи можат да се издвојат како модели или шеми за доведување на претпријатијата во стечај. Особено е изразен начинот на кој фирми што добро работат вештачки се доведуваат во состојба на стечај, преку презадолжување или префрлување на капиталот на други фирми, определување за стечајни управници и членови на управни одбори лица што се блиски со носители на јавни функции, заложување на имотот на фирмите како хипотека за краткорочни кредити во значително помала вредност, како и случаи во кои самите стечајни управници ги откупиле фирмите со кои управуваат.

Во најолем дел од овие случаи, како и по предметите во кои се констатирани неправилности во постапката за приватизација, Државната комисија е упатена на соработка со други државни органи, од кои побара преземање на конкретни мерки во рамките на нивните надлежности. Покрај ова, во врска со овие случаи Државната комисија пред Управата за јавни приходи има поведено 2 постапки за испитување на имотната состојба на носители на функции, од повеќе комерцијални банки побарала информации за банкарски сметки, а во 4 случаи побарала увид во судската документација. (Прилог 1. Табела бр. 6)

Карактеристични случаи од овој вид е случајот на АД „Порцеланка" од Велес, за кој Државната комисија до Јавниот обвинител на Република Македонија поднесе иницијатива за поведување кривична постапка и утврдување кривична одговорност против стечајниот управител назначен за спроведување на стечајната постапка во јануари 2000 година, како и против одговорните лица членови на одборот на доверители. поради постоење на основани сомневања за сторени кривични дела злоупотреба на службената положба и овластување сторени со извршување на финансиски трансакции со кои е предизвикана поголема материјална штета за АД „Порцеланка" од Велес. Со цел за утврдување на фактичката состојба во однос на финансиското работење на АД „Порцеланка" од Велес во периодот на стечај и постапката за трансформација, Државната комисијата до Генералната дирекција на РУЈП достави барање за увид во финансиската документација, што и покрај направените неколку обиди, се уште не е реализирано.

## *6. Претставки за девијантни појави во фирми*

Дел од претставките со кои граѓаните укажуваат на одредени состојби во кои препознаваат кршење на законите и непостапување на надлежните институции, се однесуваат и на неправилности во работењето на фирми. Од вкупно доставените 54 претставки од овој вид Државната комисија постапувала по 44, од кои најголемиот дел се уште се во фаза на проверка за утврдување на фактичката состојба. Во 8 случаи до Управата за јавни приходи е доставено барање на поведување постапка согласно со членот 59 став 5 од законот за спречување на корупцијата, 8 се доставени за постапување до други надлежни органи, а во еден случај до надлежниот Јавен обвинител е поднесена иницијатива за поведување на кривична постапка. За 6 од поднесените претставки е констатирано дека Државната комисија нема надлежност за постапување. (Прилог 1. Табела бр. 7)

## *7. Други видови претставки*

Покрај претходно опишаните, граѓани, здруженија на граѓани и други правни лица доставиле и вк-

упно 65 претставки со кои се укажува на различни состојби како што се судир на интереси, непотизам, создавање на монополска положба, јавни набавки и други. Во текот на годината Државната комисија постапувала по 46 од овие предмети од кои во 14 случаи по дополнителни проверки констатирала дека нема неправилности во постапките или нема надлежност за постапување, а 4 се доставени на надлежност до други органи. (Прилог бр. 1, Табела бр. 8)

### д) *Постапки по иницијатива на Државната комисија*

Покрај постапувањето по добиените претставки, Државната комисија по одредени предмети постапувала и по сопствено наоѓање, имајќи ги предвид своите законски надлежности, значењето на случаите и вниманието што го предизвикале тие кај граѓаните. Преку овие постапки во најголем дел беше нагласена превентивната и контролната улога на Државната комисија во однос на постапките на избраните и именувани функционери и постапките на носителите на високи јавни функции.

1. Во оваа смисла Државната комисија поведе постапка за утврдување на фактичката состојба во случајот на укинување на екстрадициониот притвор на Бугарскиот државјанин Иван Димитров, за што се уште не е добиен одговор од Републички судски совет, како надлежен орган.

2. Имајќи ги предвид Уставните и законски одредби што се однесуваат на овластувањата на Претседаелот на Републиката, Државната комисија, постапувајќи во рамки на своите надлежности, а во согласност со одредбите од член 37, 38 и 40 од Законот, се обрати до Претседателот на Република Македонија г. Борис Трајковски за објаснување на околностите што довеле до донесување на одлуката за аболиција на Доста Димовска во својство на поранешен министер за внатрешни работи и Александар Цветков вработен во истото Министерство, во врска со поведената кривична постапка за случајот прислушкување. Како одговор на барањето, до Државната комисија беше доставено обраќањето пред пратениците во Собранието на Р. Македонија, по што Државната комисијата ја запре постапката во кој беше земена предвид одлуката на Собранието во врска со овој случај.

3. По основа на информации во медиумите во врска со судир на интереси кај лицата вклучени во набавките на лекови, Државната комисија поведе постапка за преиспитување на судирот на интереси кај г. Џемаили Авзиљатив, државен секретар во Министерство за здравство, а во врска со евентуален судир на интереси по неговото назначување за директор на Бирото за лекови. Во овој случај постапката се уште не е завршена од причина што Државната комисија не ги добила бараните информации од Министерство за здравство и Управа за јавни приходи.

4. До Јавното обвинителство на Република Македонија, Државната комисија достави иницијатива за поведување на постапка за утврдување на фактичката состојба во врска со договорот за продажба на Македонски телекомуникации, за што се уште не е добиена повратна информација за преземените активности.

5. По преземените активности за утврдување на фактичката состојба за постоење судир на интереси за Стојмир Петров, директор на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје, а во врска со склучените и реализирани договори за јавни набавки со фирмата „Елбијор" сопственост на неговата сопруга, Комисијата утврди дека во текот на 2000, 2001 и 2002 година биле склучени договори и реализирани повеќе набавки на медицински и лабораториски материјал, во вкупен износ од 31.382.242 денари или 514.426 евра, кои во целост се наплатени. Притоа, постапувајќи по иницијативата на Комисијата за инспекциски надзор на јавните давачки на ООЗТ Институти, Управата за јавни приходи констатирала и непочитување на даночните обврски, за што по основа на персонален данок од доход, данок на добивка и камата од ООЗТ Институти во јуни 2003 година се наплатени вкупно 3. 326.447,00 денари.

Имајќи го предвид претходно изнесеното, како и фактот дека Петров одбил по барање на Комисијата да достави податоци побарани врз основа на членовите 33 и 53 од Законот за спречување на корупцијата, Комисијата донесе заклучок врз основа на членот 49 став 1 т. 5 до надлежните органи да поднесе иницијатива за поведување на постапка за разрешување на Стојмир Петров од функцијата директор на ООЗТ Институти при Медицинскиот факултет во Скопје. Овој случај делумно е завршен со тоа што на 7. 10. 2003 година Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет го усвои Статутот на Медицински Факултет, според кој Институтите и Клиниките се внатрешни организациони единици на Факултетот.

6. По сопствена иницијатива, а како резултат на известувањата од медиумите, Државната комисија поведе постапка за утврдување на фактичката состојба во врска со вработувањето на сопругата на Директорот на Фондот за здравство д-р Рубинчо Зарески во Воената болница во Скопје. По добиените известувања од надлежните државни органи, Комисијата констатира дека ова вработување е реализирано спротивно на одредбите од Законот за работните односи и Законот за служба во АРМ и е резултат на непотизам и влијание од страна на Зарески. Оценувајќи дека Зарески го повредил членот 29 од Законот за спречување на корупцијата, односно извршил влијание за вработување на неговата сопруга без претходно да биде спроведена неопходната со закон предвидена постапка, Комисијата во согласност со член 49 од Законот до Владата на Република Македонија и до Управниот одбор на Фондот за здравство поднесе иницијатива за разрешување на Зарески од функци-

јата директор на Фондот за здравство. Рубинчо Зарески е разрешен од функцијата на 30 октомври 2003 година.

Претходно против Зарески Државната комисијата поднесе и барање за поведување на прекршочна постапка согласно членот 29 став 2, поради тоа што не ја исполнил законската обврска за известување на Комисијата за вработувањето на неговата сопруга.

7. Државната комисија седницата одржана на 23. 09. 2003 година ја заврши расправата и врз основа на своите надлежности донесе заклучоци за покренување иницијативи за поведување постапка пред надлежните органи за утврдување на кривичната одговорност на службени и одговорни лица во врска со приватизацијата на рафинеријата ОКТА. По проучување на документите во врска со Договорот за купопродажба на акции и за концесија склучен на 8 мај 1999 година, помеѓу Владата на Република Македонија и акционерското друштво „EL.P.ET. Balkanike", компанија контролирана од Hellenika Petroleum S.A и Meton-Eter SA, врз основа на кој е потпишан Билатерален договор за изградба и управување со нафтовод, ратификуван од Собранието на Република Македонија, Комисијата оцени дека наведениот договор е склучен со непосредна спогодба, без претходно да биде спроведена процедурата предвидена во Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал. Начинот на продажба на ОКТА и обврските за Република Македонија, кои се вградени во Договорот, претходно биле утврдени во Меморандумот за разбирање потпишан помеѓу тогашниот премиер на Владата на РМ и директорот на Helenik Petroleum S.A. Државната комисија оцени дека со склучувањето на Договорот е повредена рамноправноста во вршењето на стопанската дејност, овозможено е создавање на монополска положба и предизвикување растројство на пазарот, со што на Република Македонија и на поголем број правни субјекти им е нанесена повеќестрана штета. Врз основа на исклучителните поволности, што со Договорот му се дадени на Стратешкиот инвеститор, брзината со која е склучен Договорот, вклучувајки ја и измената на законските прописи, непочитувањето на законската процедура, како и неоспорните штетни последици за државата, Комисијата, тргнувајќи од својата надлежност утврдена со Законот за спречување на корупцијата, констатира дека постојат основани сомневања за злоупотреба на службената положба и овластувања од страна на лицата вклучени во склучувањето на Договорот. Од страна на Републичкото јавно обвинителство предметот е доставен на надлежност до Основното јавно обвинителство - Скопје, кое поведе постапка за испитување на случајот и предметот е доставен до МВР со барање за прибирање на дополнителни податоци и докази.

8. Државната комисија постапувајќи во рамки на своите законски надлежности, покрај другото ги следи и анализира состојбите во

Република Македонија од кои можат да произлезат штети за граѓаните како резултат на нарушување на начелото на еднаквост, регулирани со членот 4 од Законот. Во овие рамки, следејќи ја состојбата со продажбата преку јавна берзанска аукција на акции и удели на претпријатијата со општествен капитал што работат со загуба, Комисијата дојде до сознание дека по претходно направени анализи од страна на Министерството за економија утврдено е дека станува збор за приватизација на претпријатија со лош статус на капиталот што работат со загуба и за чија приватизација досега не постоел интерес кај инвеститорите. Поради ова, како и поради уверувањето дека дополнителна причина за слабиот интерес за приватизација на овие претпријатија е нетранспарентноста на постапките, надлежните државни органи како најпогоден го утврдиле моделот за продажба преку јавна берзанска аукција, со претходно објавување на продажбата во медиумите најмалку 30 дена пред продажбата, но и со утврдување на почетната продажна цена во висина на 10% од номиналната вредност на удел односно акција. Како можни начини на плаќање се утврдени готовина, плаќање со обврзници и плаќање со конвертибилни сертификати. Притоа во меѓусебен договор помеѓу надлежните државни органи - министерствата за економија и финансии, Агенцијата за приватизација и Владата, одлучено е во првите 15 минути на тргувањето на Берзата продажбата да се одвива исклучително за готовина. Според резултатите од тргувањата преку Македонската берза беше утврдено значително тргување во готовина.

Поради ова, а со цел за целосно утврдување на фактите во врска со постапката приватизација, Државната комисијата на 22. 07. 2003 година по сопствена иницијатива одржа работен состанок со претставници од Македонска берза, Дирекцијата за спречување на перење на пари, Агенцијата за приватизација и Комисијата за хартии од вредност. Во разговорот посебно внимание им беше посветено на прашањата за можностите за контрола над потеклото на готовинскиот капитал, којшто се користи за плаќање на акциите/уделите, како и на прашањето на нерамноправноста и нарушувањето на начелото на еднаквост на потенцијалните купувачи. Во врска со овие прашања Комисијата утврди дека не постои воспоставен ефикасен систем на контрола над потеклото на готовинските средства со кои се купуваат акции/удели, како и тоа дека државата со сопствена одлука ги ставила во нерамноправна положба потенцијалните купувачи. Во рамките на оваа иницијатива, Државната комисија од надлежните органи побара информации за конкретни случаи на купени акции удели со готовина, а на Владата и другите надлежни органи им препорача: да ја преиспитаат одлуката за приоритет на продажбата во готовина, затоа што во услови на недоволнаа контрола над потеклото на готовинските средства претста-

вува можност за перење на нелегално стекнат капитал и негово вградување во легалните економски токови; да ги изедначи сопствениците на обврзниците со други средства за плаќање со оние кои користат готовинско плаќање, со што би се намалила можноста за перење на нечист капитал, би се зголемила вредноста на другите средства за плаќање и би се елиминирала секаква можност за нарушување на начелото на еднаквост, регулирано со членот 4 од Законот за спречување на корупцијата; да ги зајакне мерките за контрола над перењето на пари, со воспоставување на ефикасна контрола над готовинскиот капитал преку брокерските куќи и комисијата за хартии од вредност.

Во врска со Иницијативата во однос на продажбата преку јавна берзанска аукција на акции и удели на претпријатијата со општествен капитал кои работат со загуба, и Препораките што ги достави до Владата и надлежните државни институции, Државната комисија констатира дека и покрај значителното зголемување на безготовинското тргување и зголемената вредност на другите средства за плаќање и понатаму е неопходно зајакнување на мерките за ефикасна контрола над перењето на пари.

9. Постапувајќи во рамките на надлежностите што произлегуваат од членот 59 од Законот за спречување на корупцијата, кој се однесува на спречување на корупцијата во трговските друштва, Државната комисија расправаше за евентуалниот судир на интереси помеѓу Скопски Саем АД Скопје и Ревизорската куќа Ernst&Young, а во врска со Извештајот на независните ревизори објавен во весникот „Дневник" на 30 јули 2003 година.

Притоа, Комисијата констатира дека во наведениот случај постои судир на интереси од причина што менаџинг партнерот на Ernst & Young за Република Македонија проф. д-р Тито Беличанец е брат на претседателот на Управниот одбор на Скопски Саем АД Скопје г-ѓа Лилјана Кимова. Тргнувајќи од констатираниот судир на интереси, Комисијата оцени дека во случајот постои основано сомневање во изготвениот ревизорски извештај, поради што донесе заклучок согласно членот 59 став 5 од Законот, до Управата за јавни приходи да достави иницијатива за контрола над финансиското работење на Скопски Саем АД.

10. На седницата одржана на 26. 08. 2003 година Државната комисија донесе заклучок по сопствена иницијатива да поведе постапка за проверка на Договорот за набавка на електрична енергија склучен со фирмата ЕФТ од Велика Британија. За овој случај побаран е извештај од Регулаторното тело за енергетика, кој се уште не е доставен.

11. Една од иницијативите на Државната комисија беше и поведената постапка за утврдување на фактичката состојба во врска со начнот на кој се искористени средствата од 17 милиони евра кредит од Светската банка за подобрување на состојбите во здравството. Во рамките на постапката за утврдување

на фактичката состојба одржани се состаноци со претставници од Канцеларијата на Светска банка во Скопје, вклучени во реализацијата на овој проект, како и со вработените во Проектната единица во Министерството за здравство, директно задолжени за имплементација на овој проект. Притоа е утврдено дека активностите планирани со проектот не се реализирани во целост, а единствен дел во кој се постигнати позитивни резултати е заштитата на доенчињата. Набавката на предвидената компјутерска опрема и софтверот за евидентирање на лековите не се реализирани според проектот поради неажурност на надлежните државни органи, обуката на кадарот не ги даде очекуваните ефекти, поради тоа што лицата опфатени со обуката не се вклучени во соодветните организациски единици на медицинските центри. Претставниците од Светската банка и од Проектната единица како позитивен дел од овој проект ја оценија и набавката на лекови врз основа на меѓународен тендер, но беа воздржани во однос на правилниот избор на набавените лекови. За овој дел од проектот, како и за начинот на определување на висината на експертските хонорари Државната комисија и понатаму ја продолжува работата по овој предмет.

12. Државната комисија по сопствено наоѓање постапуваше и презема мерки за утврдување на фактичката состојба во врска со укажувањата за непотизам при именувањето на Благоја Филиповски за директор на Аеродром Скопје при што по преземените активности за целосно утврдување на фактичката состојба во овој случај не утврди постоење на непотизам.

13. Од надлежните органи на локалната самоуправа, како и од надлежните државни органи Државната комисија побара повеќе информации во врска со издаденото одобрение за градба пред зградата на ЕСМ, за што поради доцнење и недоставување на бараните информации постапката се уште е во тек.

14. Државната комисија во рамките на своите надлежности презеде и поголем број активности за утврдување на фактичката состојба во врска со случајот за дезифекција и дератизација на студентски дом „Никола Карев” во Охрид. Постапката е во тек, а последната добиена информација укажува на тоа дека фирмата што ја извршила дератизација воопшто не е регистрирана во регистарот на трговски друштва.

15. Во делот на превентивните активности за борба против корупцијата, Државната комисија по сопствена иницијатива одржа состанок со ректорите на универзитетите во Република Македонија, како и со претставници од Министерството за образование, задолжени за контрола на процесот на високото образование. Притоа е донесен заеднички заклучок за преземање на конкретни мерки од страна на надлежните ректорски управи, факултетите и Државната комисија, кои пред се треба да бидат изразени преку подготвување на конкретни програми во рамки на универзитетите,

со предвидување на спецификите на образовниот процесс на поодделни факултети. Во рамки на оваа иницијатива одржан е и посебен состанок со Ректорската управа на Универзитетот Св. Климент Охридски во Битола, кадешто се започнати активности за изготвување на конкретна програма. Исто така, Ректоратот на Универзитетот Св. Кирил и Методиј од Скопје на своја седница донесе посебен заклучок со кој ги задолжи факултетите да преземат конкретни мерки за намалување на можностите за корупција. Како резултат на овие активности поголем број факултети до Државната комисија доставија информации за преземените мерки и активности што се оценети како добри почетни активности кои и понатаму треба да бидат надополнувани.

Државната комисија, исто така, презема активности и за проверка на постапките и извршените јавни набавки во Клиничкиот центар, вклучително и набавките на цитостатици, како и за бесправните градби и уривањето на дивоградбите во Охрид, за што побара информации од надлежните државни органи, кои веќе постапуваат по овие случаи.

### ѓ) *Соработка со други органи во постапувањето*

Од претходно презентираните активности на Државната комисија недвосмислено може да се согледа поврзаноста помеѓу ефикасноста на постапувањето на Државната комисија и ефикасноста и подготвеноста за соработка од страна на надлежните државни органи и други институции. Во значаен дел од постапките беше оценето дека е неопходно да се направи увид во одредени документи или да се побараат дополнители извештаи од надлежни органи. Податокот дека од вкупно доставените 311 барања Државната комисија добила одговор по 196 или 63% може да биде протолкуван и како задоволителен, меѓутоа неопходно е да се истакне дека кај одредени институции и органи се уште не постои потребниот степен на подготвеност за ефикасна соработка во рамки на надлежностите на Државната комисија.

Покрај ова, Државната комисија констатира дека голем дел од претставките и проблемите што се посочени во нив укажуваат на состојба на одолжување, непостапувања или не извршување на работите што се во надлежност на одредени органи, како што се неизвршувањата на судските пресуди и други извршни одлуки и непостапувањата по конкретни барања за извршување на мерки на увид и контрола. Типичен пример за тоа се попречувањата на Управата за јавни приходи да изврши контрола на финансиското работење на одредени фирми, кои можат да се окарактеризираат и како недоволна заинтересираност и неорганизираност на Управата. Како резултат на ваквата состојба се создава генерален впечаток дека државните институции не се во можност докрај да ја остваруваат својата функција, како

предуслов за воспоставување на владеењето на правото и еден од условите за директни странски инвестиции.

### е) *Ефикасноста на Државната комисија во работата по конкретни предмети и претставки*

Иако оценката за ефикасноста на Државната комисија од аспект на работата по конкретни предмети и претставки не може да се прави издвоено од севкупната активност која произлегува од законските обврски, неопходно е да се нагласат неколку сегменти како што се: *неселективноста во работата, стручноста и екипираноста.*

Еден од основните принципи на работа на Државната комисија е неселективноста во работата по поодделни предмети и имплементирањето на конкретни законски обврски. Единствен критериум којшто влијаеше на одлуката за постапување кон определен предмет што во вид на претставка бил доставен од страна на граѓаните е утврдувањето на законската надлежност на Државната комисија. Натамошната постапка се води без утврдување на посебни приоритети и таа во голем дел зависи од комуникацијата со надлежните државни органи и објективната ограниченост со време кое членовите на Комисијата го имаат за постапување во рамки на редовните и дополнителните седници.

Друг објективен фактор којшто влијае над ефикасноста на постапувањето по конкретни предмети е и потребата од специфични стручни познавања на поодделни области, за што честопати членовите на Државната комисија мораа да се обраќаат до институции и лица за обезбедување на стручно мислење пред донесувањето на конкретна одлука. За ова постојат законски можности, но тоа дополнително ја забавува работата по предметите и ја намалува ефикасноста во постапувањето.

Овие објективни фактори неминовно доведуваат до прашањето за екипираноста на Државната комисија со стручен кадар, кој ќе соработува со членовите на Комисијата, како во работата на поодделни предмети, така и во комуникацијата со надлежните државни институции и органи.

Иако по изминатата прва година од работата на Државната комисија не можат да се градат цврсти заклучоци за ефикасноста во работата, покрај другото и поради објективните проблеми што произлегуваа од потребата за востановување на овој орган, презентираните емпириски податоци овозможуваат да се направи првично согледување на можностите за ефикасно постапување по претставките и за извршување на другите законски обврски. Ова овозможува во овој дел од извештајот да се даде валидна оценка дека и во услови на очекувано намалување на бројот на предметите, неопходно ќе биде натамошно кадровско и техничко зајакнување на Државната комисија.

### ж) Транспарентност во постапувањето

Имајќи предвид дека прифаќањето на репресијата како единствен одговор на корупцијата резултира единствено во елиминирање на последиците во индивидуални случаи, додека причините, мотивите и околностите што довеле до корупција остануваат недопрени, како и фактот дека Законот за спречување на корупцијата спаѓа во редот на превентивните закони, превенцијата беше прифатена како основен принцип за работа на Државната комисија. Како одраз на глобалните трендови и со цел за ефикасна акција против корупцијата, работата на Државната комисија во делот на генералната превенцијата беше заснована на транспарентност и откривање на причините и условите што водат до корупција, како и нивно елиминирање, додека репресијата претставува корективна мерка кон индивидуални случаи. Принципот на јавност во работата на Државната комисија е законска обврска, која во значителен дел придонесе за запознавање на граѓаните со работа на Државната комисија, а со тоа и за зајакнување на одговорноста, како и за подигање на јавната свест и јавната реакција во однос на конкретни постапки на Државната комисија, определени носители на функции и на извршната власт. Едновремено транспарентноста придонесе и за зачувување на интегритетот, независноста и објективноста на постапките на Комисијата.

### з) Државна програма за превенција и репресија на корупцијата

Согласно со членот 49 Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија има овластување и обврска да ја подготви и донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Исто така, Државната комисијата има законска обврска да донесува годишни програми и планови за остварување на Државната програма. Согласно законските обврски и Програмата за работа, Државната комисија ја подготви и на 17 јуни 2003 година ја донесе Државната програма за превенција и репресија на корупцијата со Акционен план. Државната програма содржи препораки за неопходните мерки и активности што треба да бидат преземени со цел да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата, конкретен акционен план за имплементација со предвидени краткорочни, среднорочни и долгорочни цели, како и систем на мониторинг и евалуација на нејзината имплементација.

Имајќи го предвид значењето на овој документ, за кој треба да се постигне согласност помеѓу сите структури во општественото и политичкото живеење, потребата од мултидисциплинарност во пристапот, како и потребата да се обезбеди негова ефикасна имплементација, Државната комисија во активностите на подготовка на Државната програма оствари ефикасна соработка со

Владата на Република Македонија, како и со Собранието на Република Македонија, Републичкото Јавно обвинителство, Министерството за внатрешни работи, Министерството за економија, Заводот за државна ревизија, Агенцијата за државни службеници, Јавниот правобранител на Република Македонија и други. Посебен придонес во подготовката на Државната програма дадоа и поголем број универзитетските професори, независни експерти и претставници од невладини организации и медиуми, како и експерти од Советот на Европа, ОБСЕ и Пактот за стабилност.

Пристапот што беше користен во подготовка на Државната програма, преку емпириско утврдување на проблемите да се дефинираат можните решенија за нивно надминување, овозможи предвидување на оптимални мерки, со чија целосна имплементација во Република Македонија ќе може да се создаде ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата. Притоа, фактот што поаѓајки од потребата за превенција и репресија на корупцијата се навлезе подлабоко во предлагање на поголем број уставни амандмани, измена на постојните и донесување на нови закони, како и создавање на нови институции, може да се смета единствено за уште една потврда на сеопфатноста во пристапот кон изготвување на Државната програмата, но и на сознанието дека без длабоки и темелни реформи во државното уредување и политичкиот систем, во судството, институциите за примена на законот и државната администрација, не се можни натамошните тврдења за стремењето кон владеење на правото и градење на демократско општество.

По усвојувањето, Државната програма беше доставена до Собранието, до Владата и до Врховниот Суд на Република Македонија, како и до сите други институции и државни органи кои имаат одредени надлежности во нејзината имплементација, до сите амбасади и меѓународни организации кои делуваат во Р. Македонија, а преку Министерството за надворешни работи и до сите наши дипломатски и конзуларни претставништва во светот.

Со доставувањето на Државната програма до Владата, Државната комисија достави предлог Владата да го усвои овој документ, со што би се постигнала усогласеност и координираност на активностите и би се зајакнала нејзината обврска во имплементацијата на предложените мерки и активности. Сепак, и покрај тоа што Владата на две седници расправаше по овој документ, предлогот не беше прифатен, пред сé поради предлогот за поголем број уставни амандмани со кои треба да се обезбеди независност на судството, а кои објективно ќе предизвикаат промена во правниот и во политичкиот систем на Републиката.

Покрај ова, во периодот по усвојувањето на Државната програма остварени се контакти и со Претседателот на Собранието на Република Македонија, со иницијатива овој документ да биде ставен на распра-

ва во Собранието. Со оглед дека за тоа не постоеја формални можности, Државната комисија ја доставува Државната програма до Собранието на Република Македонија во прилог на овој извештај.

### *- Имплементација на Државната програма*

На крајот на септември оваа година, Државната комисија како орган надлежен за следење и оценка на имплементацијата на Државната програма, до Владата и до другите надлежни органи достави барање за информации во врска со преземените мерки и активности за имплементација на препораките. Ваквото барање беше подржано со заклучок на Владата за подготвување на овие информации, по што дел од Министерствата и другите институции надлежни за имплементација на Државната програма ги доставија бараните информации.

Во рамките на првата проценка за текот на имплементацијата на Државната програма добиени се известувања за тоа дека во Јавното обвинителство во првите три месеци од донесувањето на Програмата активноста била насочена кон изготвување на работна верзија за нов Закон за јавно обвинителство; во Јавното правобранителство на република Македонија е изготвена работна верзија на текстот за измена и дополнување на Законот за јавно правобранителство во кој делумно се опфатени препораките од Државната програма, со оценка дека за имплементирање на препораките што се однесуваат на уставниот основ за измена на статусот на Јавното правобранителство се потребни пообемни подготовки со вклучување и на други институции; Дирекцијата за спречување на перење на пари го достави Законот за изменување на Законот за спречување на перење на пари, кој веќе е во собраниска процедура; Царинската Управа достави информација за тековните активности на планот на внатрешна реорганизација и формирање на нов сектор за професионална одговорност во чиј состав има Одделение за внатрешна инспекција и Одделение за внатрешни истраги за испитување на случаи на корумпираност на царинските службеници, како и за проектот Отворена телефонска линија; Министерството за правда информираше дека имајќи ги предвид обврските од Државната програма во периодот по нејзиното донесување (јуни - септември 2003) се подготвени поголем број на законски текстови како што се: Измена и дополнување на кривичниот законик, Измена и дополнување на Законот за РСС, Закон за самостоен судски буџет, Закон за Народен правобранител, подготовките за Законот за јавно обвинителство, Законот за кривична постапка, Закон за установи, Закон за управна инспекција, Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер, Закон за политички партии, Закон за спречување на судир на интереси, Закон за државни службеници, Закон за здруженија на граѓани и фондации и Закон за избори. Во сите

овие закони се обрнува посебно внимание на имплементирање на препораките од Државната програма.

Имајќи ги предвид препораките и роковите утврдени во Матриците и Акциониот план на Државната програма, Државниот завод за ревизија извршил 22 ревизии во ризични иституции, по кои извештаите се доставени на надлежност до Јавното овинителство на РМ, делумно кадровско екипирање со очекување за натамошна целосна реализација, континуирана едукација на вработените, во подготовка е печатење на Прирачник за вршење на државна ревизија, а во завршна фаза се активностите за доставување на Иницијатива на ДЗР за измени и дополнувања на Уставот на РМ. Советот за радио дифузија ја извести Државната комисија за прифаќање на оценките за недоволна транспарентност на изворите на финансирање на медиумите, односно нетранспарентност на распределбата на странските донации и во своите извештаи до Собранието укажува на неопходноста за измени во законската регулатива и донесување на нов Закон за радиодифузија, за што се организирани повеќе јавни расправи, ја поддржа и ја имплементира препораката за децидно спроведување на законската регулатива при доделување и одземање на концесии за радиодифузија, а покренал и иницијатива за усвојување на Кодекс за рекламирање, со што ќе се утврдат етички норми кај медиумите.

Државниот завод за статистика смета дека методологијата и класификацијата за статистичко следење на криминалитетот се во непосредна корелација со важечкото кривично законодавство, чии измени навреме ќе ги следи и ќе ги ажурира.

Комисијата за приватизација во Владата на Р Македонија информираше за повеќе активности, како што се: завршување на приватизацијата на т.н. комерцијален сектор на македонската економија; приоритетот во постапката по приговори за контрола и ревизија на постапката за трансформација (приватизација) за чие решавање, согласно препораките од Државната програма се ангажираат стручни лица од одделни институции и Управата за јавни приходи; доставување на барања за конкретни постапувања до Јавниот правобранител и до Јавниот обвинител на РМ; соработка со Комисијата за хартии од вредност во врска со случаи на незаконска продажба на акции во претпријатијата; донесени поголем број решенија за преземање на деловни средства од претпријатија за имот што не бил пријавен во постапката за приватизација; доставување Предлог на Владата за измени и дополнување на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, потоа Уредба за постапка за продажба на акциите и уделите што се издадени на Агенцијата за приватизација, а согласно препораките од Државната програма и законски предвидените рокови, Комисијата за приватизација донесува согласност за отпочнување на приватизација на претпријатијата во

кои истата не е започната.

Значајно внимание на имплементација на препораките им посвети и Народната банка на Република Македонија, која според информацијата својата работа ја усогласува со Државната програма, така што практикува: транспарентно работење со објавување во ,,Службен весник" на одлуките на Советот на НБРМ и упатствата и одлуките на Гувернерот, со издавање на соопштенија за јавноста и објавување на WEB страната на Народната банка. Членовите на Советот на НБРМ најмалку еднаш годишно се должни да дадат изјава за постоење или непостоење на конфликт на интереси и доколку постои даваат изјава за изземање од одлучувањето за одредено прашање. Функционерите и членовите на Советот на НБРМ ја прифатија обврската за пријавување на имотот и го сторија тоа во предвидените рокови. Годишната сметка на НБРМ ја проверува и оценува Друштво за ревизија, согласно меѓународни стандарди, и тој Извештај НБРМ е должна да го објави. При извршување на јавни набавки од НБРМ, пред потпишување на договорот со најповолниот понудувач, неопходен е и потпис на авторизација од Дирекцијата за правни работи, при што за оценка на законитоста се зема предвид и целокупната тендерска документација, начинот на избор и др. При вработување во НБРМ се спроведува постапка на избор по пат на јавен оглас, со што се елиминира можноста на вработување преку злоупотреба на службената положба.

Имајќи ги предвид презентираните мерки и активности, и покрај тоа што од дел од надлежните органи и институции не ги доби бараните информации, Државната комисија оцени дека имплементацијата на препораките од Државната програма во најголем дел се одвива според утврдените рокови.

### *Користење на донации и друга странска помош од страна на државни органи*

Државната комисија согласно со членот 26 од Законот, има обврска да го следи начинот на користење на донациите и друга странска помош од страна на државните органи и за тоа на Собранието на Република Македонија да му доставува годишен извештај, кој се објавува и во средствата за јавно информирање. Со цел за целосно имплементирање на оваа законска обврска Државната комисија презеде поголем број активности за обезбедување на потребните податоци, но притоа и Државната комисија и Секторот за европска интерација во Владата на Р Македонија се соочија со проблемот на нецелосна и неажурна евиденција за вкупните донации и странска помош што ги користат државните органи. Како одговор на повеќекратното инсистирање на Државната комисија за воведување на потребните евиденции и обезбедување на ефикасен механизам за следење на добивањето и начинот на користење

на донациите и странската помош, Владата во средината на ноември 2003 година ги задолжи државните органи што користат донации или друга странска помош до Државната комисија на шест месеци да доставуваат извештаи за начинот на користење на тие средства. За донациите и помошта наменета за локалната самоуправа и невладините организации, хуманитарни организации и религиозни организации, Владата и предложи на Државната комисија да побара извештаи непосредно од тие субјекти.

Извештаите што се доставени по барање на Државната комисија, како и извештаите што се доставени во врска со заклучокот на Владата, се нецелосни и несистематизирани, а со тоа и не се доволна основа за изготвување на сеопфатана информација за начинот на користење на овие средства. Поради тоа, а имајќи ги предвид можностите за неправилно распоредување и трошење на донациите и странската помош на што укажуваат дел од претставките доставени до Државната комисија, и понатаму се наметнува потребата од создавање на единствена и систематизирана база на податоци на државно ниво, со што ќе се овозможи зајакната контрола над начинот на користењето на донациите и странската помош.

Во прилог на законската обврска за изготвување на посебен годишен извештај, Државната комисија изготви посебна информација во која е презентирана хронологијата на преземените активности во текот на 2003 година, која е во прилог на овој извештај. (Прилог бр. 2)

### *и) Корупцијата во политиката*

Законот за спречување на корупцијата во Глава втора посебно го уредува прашањето за спречување на корупцијата во политиката низ две основни одредници: финансирањето на политичките партии, синдикатот и здруженија на граѓани и злоупотребата на буџетски средства, средства на јавните фондови и средства на јавните претпријатија или други правни лица што располагаат со државен капитал, кои непосредно или посредно се користени за изборна кампања или воопшто за финансирање на политичка активност на политичка партија.

Основно начело во изборното и антикорупциското законодавство е забраната за користење на буџетски средства во изборна кампања што изрично е наведено во членот 11 од Законот за спречување на корупцијата, додека членот 12 од овој Закон воспоставува обврска за Државната комисија во случаите кога постојат основани укажувања за користење на ваквите средства за изборна кампања или воопшто за финансирање на политичка и партиска активност, да ги разгледа таквите укажувања и во најкраток можен рок да изготви извештај кој ќе го достави до Собранието на Република Македонија.

Тргнувајќи од законските одредби, како и од фактот дека во септември 2002 година се одржаа

парламентарни избори, Државната комисија на почетокот на февруари 2002 година до сите политички партии достави барање за известување и податоци во врска со финансирањето на политичките партии и изборната кампања, а посебно за користените средства од буџетот, собраните средства од членарина, користените кредити, примените подароци, податоци за лицата од кои се добиени донации и легати, како и податоци за средствата од сопствени извори, вкупно потрошените средства за изборната кампања, отворањето на специјална жиро сметка, како и податоци за неизмирени обврски.

Во рокот за доставување на бараните податоци (20. 03. 2003 година) и потоа, од вкупно регистрираните 67 политички партии до Државната комисија беа доставени вкупно 16 информации. Во сите доставени извештаи како средства од кои се финансираат на партиските и изборните активности беа наведени извори предвидени во Законот за политички партии, а прикажаните финансиски износи беа сосема во склад со законски утврдените.

Со оглед на тоа дека начинот на финансирањето на политичките партии и изборните кампањи во Република Македонија се одвива на нетранспарентен начин и без прецизно востановен систем на контрола над финансиското работење на политичките партии, Државната комисија направи неколку обиди за индиректно добивање на податоци за евентуално финансирање на политичките партии од буџетски средства и од средства на јавните претпријатија, за што побара информации од надлежните државни органи. Во рамки на овие активности од Заводот за државна ревизија е доставен еден извештај за ревизија над јавно претпријатие, во кој се укажува на прекумерно и ненаменско трошење на средства во периодот пред изборите, како што се транспортни трошоци, купување на капи, маици и слично, кој извештај е доставен и до надлежниот јавен обвинител.

Имајќи ги предвид согледувањата за начинот на финансирањето на политичките партии и изборни кампањи, Државната комисија на ова прашање му посвети значаен дел во Државната програма, при што се изготвени и повеќе конкретни препораки во однос на начинот на финансирање и на надлежностите за контролата над финансирањето на политичките активности. Дел од овие препораки веќе се во фаза на имплементација со изготвувањето на Законот за финансирање на политичките партии и измените во Законот за државна ревизија.

### ј) *Учество на семинари, конференции и други состаноци*

Во извештајниот период членовите на Државната комисија учествувале на 27 домашни и меѓународни конференции и семинари, на кои се разгледувани повеќе прашања од областа на корупцијата и организираниот криминал, како

што се: примената на специјални истражни мерки, казнено правната идентификација на корупцијата, потребата и можностите за соработка со приватниот и граѓанскиот сектор и здруженијата на граѓани во борбата против организираниот криминал и корупцијата, улогата на независното судство, прашањата за регулирање на судирот на интереси, влијанието на антикорупциските мерки врз развојот на економиите на земјите во транзиција, намалување на административните бариери за развојот на бизнисот и претприемништвото, работата на Јавното правобранителство, финансирањето на политичките партии, изборните системи и финансирањето на изборните кампањи и други.

Од особено значење за Државната комисија и за Република Македонија беше конференција насловена како Octopus Interface 2003, фокус на специјализираните антикорупциски служби, која се одржа од 5 до 7 ноември 2003 година во организација на Советот на Европа во Стразбург, а во рамки на програмата за борба против организираниот криминал и корупцијата OCTOPUS. На конференцијата учествуваа околу 100 учесници, претставници од 45-те држави членки на Советот на Европа, како и претставници од повеќе меѓународни организации, меѓу кои и IMF, WB, EU, OECD, UNDP, OECD – SIGMA, ABA/ CEELY, TI, претставници на повеќе комитети и тела во рамки на Советот на Европа (GRECO, MONEYVAL) и други.

Централна точка на оваа конференција беа специјализираните антикорупциски служби, а на работилницата во која учествуваа повеќе од 100 претставници од државите членки на Советот на Европа, како и претставници од различни меѓународни организации, се одвиваше расправа на тема најдобри практики и најдобри модели за овие служби.

Во оваа прилика беа претставени моделите на т.н. административни служби, односно служби што имаат превентивна и контролна улога, во кои спаѓа и моделот на македонската Државна комисија, која всушност е најнова воспоставена служба од ваков вид во Европа. Сите презентирани модели се разликуваа по начинот на формирањето на овие служби, нивната поставеност, овластувања надлежности, што беше повод за дискусија насочена кон дефинирање на најдобриот начин за востановување на ваков вид служба. Присутните се согласија дека овие служби не треба да се цел сами за себе, туку треба да претставуваат сретство за постигнување на одредена цел – востановување на општества што ќе бидат нетолерантни кон корупцијата. Како основа за ефикасно функционирање на овој вид служби беа посочени повеќе фактори: независноста, која треба да произлегува од посебен закон; контролата од страна на парламентите, како највисоки законодавни органи; подложноста на ревизија на финансиското работење; личниот интегритет и компетентноста на лицата што ќе работат во овие служби, неселективноста и тренспарентноста во работата и др. На оваа конфер-

енција моделот на поставеноста на Државната комисија и постигнатите резултати од едногодишната работа беа оценети со исклучително високи оценки. На Конференцијата, исто така, беа презентирани и моделите на служби кои имаат овластувања за истраги, како што се службите на Романија, Португалија, Литванија, Норвешка и Германија и други.

### *к) Соработка со НВО и медиуми*

Имајќи го предвид значењето на развојот на јавната свест и јавната реакција како предуслов за создавање на амбиент за нетолеранција на корупцијата во рамки на генералната превенција, членовите на Државната комисија учествуваа и во поголем број активности организирани од страна на невладините организации на подрачјето на Република Македонија, како и во поголем број интервјуа, специјални емисии и јавни дебати во медиумите. Особено значајни во оваа смисла беа тренинг курсевите за истражно новинарство организирани од Здружението на новинари на Македонија и за јавните набавки во локалната самоуправа, каде членовите на Државната комисија учествуваа како предавачи, како и состаноците во врска со пристапот до официјалните информации и судирот на интереси, кои невладините организации во регионот ги организираат во рамки на проектите за зајакнување на одговорноста.

### *л) Меѓународна соработка*

Имајќи го предвид тоа дека во Европа и пошироко постои тренд на развој на постојните и создавање на нови независни тела специјализирани за борба против организираниот криминал и корупцијата, во фокусот на активностите на Државната комисија беа и активностите за запознавање и воспоставување на соработка со соодветните институции. Во најголем дел овие контакти се одвиваа во рамки на меѓународните конференции на кои се договараа можностите за идна соработка.

Како разултат на овие контакти, Државната комисија на 8 и 9. 12. 2003 година во Софија оствари средба со членовите на Државниот совет за превенција на корупцијата на НР Бугарија. На средбата се разменети мислења за поставеноста и начинот на работа на овие институции, како и за прашањата кои се оценети како приоритет за воспоставување на ефикасни антикорупциски системи на национално ниво, значајни за меѓународната и регионалната соработка. Учесниците на средбата од двете држави се согласија за неопходноста од зајакнување на билатералната и регионалната соработката на овој вид институции, со што ја поддржаа идејата за организирање на заедничка конференција во почетокот на идната година во Република Македонија.

Во рамките на овие активности членовите на Државната комисија во текот на годината остварија и 34 средби со претставници на

меѓународни организации и странски претставништва кои оствариле посети или работат во Република Македонија. На овие средби во најголем дел се разговараше за поставеноста и начинот на работа на Државната комисија.

### *љ) Измена на Законот за спречување на корупцијата*

Меѓу позначајните активности на Државната комисија, што произлегуваат од Законот за спречување на корупцијата, од Програмата за работа и од Државната програма, се и давањето мислења за законите и другите подзаконски акти што содржат мерки за превенција и репресија на корупцијата. Исто така, во соработка со Министерството за правда, членовите на Државната комисија се вклучени и во подготовка на измените на Законот за спречување на корупцијата. Оценка е на Комисијата дека периодот на едногодишна имплементација на Законот овозможи да бидат согледани неговите недеостатици и недоречености и да се дадат соодветни предлози за негово подобрување. Од особено значење е измената на Законот во делот кој го определува статусот на Државната комисија, со што би се обезбедил статус на правно лице, како и потребата од создавање на секретаријат кој ќе работи за поддршка на членовите на Државната комисија. Се очекува Предлогот за измена на Законот да биде доставен до Владата на Република Македонија на почетокот на 2004 година.

### *м) Генерални согледувања и оценки*

Генерална оценка е дека Државната комисија за спречување на корупцијата во текот на првата година од своето постоење и работа успеа да се востанови како државен орган кој со својата превентивна и контролна улога го најде своето место во општественото живеење и дејствување во Република Македонија. Работата на Државната комисија оствари влијание во зајакнување на одговорното и отчетното однесување на носителите на функции и на правните лица кои располагаат со државен капитал.

Со Државната програма за превенција и репресија на корупцијата Државната комисија одговори на законската обврска за утврдување на мерките за спречување на корупцијата во вршењето на власта и во вршењето на доверени јавни овластувања, мерките за спречување на судирот на интереси, како и мерките за спречување на корупцијата при вршење на работи од јавен интерес на правните лица сврзани со остварување на власта. Целосната имплементација на препораките од Државната програма ќе придонесе за создавање на ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата и ќе придонесе кон јакнењето на владеењето на правото и развојот на економијата.

Во делот на генералната превенција постигнат е висок степен на јавна свест и јавна реакција во однос на работата на државните органи и насители на функции, а од аспект на

областите опфатени со Законот и надлежностите на Државната комисија.

Носителите на функции и на извршната власт делумно ги исполнуваат обврските што произлегуваат од Законот. Неопходно е дополнително да се преземаат активности за зајакнување на исполнувањето на законските обврски за известување на Комисијата по разни основи од страна на поединци, носители на функцвии и државни институции.

Постигнати се значајни резултати во делот на репресијата кон сторителите на коруптивни активности, кои во иднина треба да бидат подобрени преку кадровско зајакнување на Државната комисија, дополнителни измени на Законот за спречување на корупцијата, утврдување на конкретни процедури за подобрување на ефикасноста на Државната комисија и другите надлежни органи, како и подобрување на ефикасноста во извршувањето на функцијата на другите државни органи.

## Препораки:

1. Собранието на Република Македонија да го разгледа Извештајот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата;
2. Собранието на Република Македонија да го усвои Извештајот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата со следните

## Предлог Заклучоци:

1. Собранието на Република Македонија заклучи дека Државната комисија за спречување на корупцијата во првата година од своето работење во периодот декември 2002 - ноември 2003 година оствари позитивни резултати во имплементацијата на законските обврски;
2. Владата и другите надлежни органи да ја зајакнат соработката со Државната комисија во извршување на работите од нејзина надлежност;
3. Владата да преземе конкретни мерки за имплементација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата;
4. Ефикасноста и работата на Државната комисија да се подобрат со дополнително зајакнување на назависноста на Државната комисија со измена на Законот за спречување на корупцијата и обезбедување на статусот на посебно правно лице

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА ПО ПРЕДМЕТИ

- ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД -

ПРИЛОГ 1

Табела бр.1

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ПРЕДМЕТИ ПО ИНИЦИЈАТИВА НА КОМИСИЈАТА 15 | | | | | |
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 603 | | | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 427 | | | | | |
| РЕШЕНИ | 129 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 311 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 196 |
| ИНИЦИЈАТИВИ | 12 | ПРИМЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ | 2742 | ИЗМЕНИ ВО АНК.ЛИС. | 26 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 43 | ПОДНЕСЕНИ ПРКРШОЧНИ ПРИЈАВИ | 78 | ДОБИЕНО РЕШЕНИЕ | 5 |
| ПО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА УТВРДЕНО ДЕКА НЕМА НЕПРАВИЛНОСТИ | 5 | | | | |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 68 | | | | |

Табела бр.2

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 97 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 88 | | | | |
| РЕШЕНИ | 17 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 107 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 86 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОНИШТУВАЊЕ | 4 | УЈП | 17 | 8 |
| * ФЕРШПЕД | | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 23 | 18 |
| * ВЕТЕРИНАРНА СТАНИЦА ОХРИД | | МВР | 13 | 1 |
| * ИГМ ЏУМАЈЛИЈА | | ЦРХВ | 6 | 5 |
| * МАКПРОМЕТ ШТИП | | КОМИСИЈА ЗА ХАР. ОД ВРЕДНОСТ | 1 | 1 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРИВИЧНА ОДГОВОР. | 2 | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 11 | 5 |
| * ЗИК СТОЧ. И ПРЕРАБ. „КУМАНОВО" | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 15 | 10 |
| * ПОРЦЕКЛАНКА ВЕЛЕС | | СУДОВИ | 10 | 9 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 5 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 6 | 2 |
| * добиена информација за покрената постапка од ЈО | 2 | МИНИСТЕРСТВО ТРУД И СОЦ. РАБОТА | 1 | 1 |
| ПО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА УТВРДЕНО ДЕКА | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 1 | 0 |
| НЕМА НЕПРАВИЛНОСТИ | 1 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ | 1 | 0 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 5 | ВЛАДА НА РМ | 1 | 0 |
| | | АГЕНЦИЈА ЗА ИНФОРМАЦИИ | 1 | 0 |

Табела бр.3

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 170 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 110 | | | | |
| РЕШЕНИ | 30 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 52 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 27 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ | 1 | ЕДИНИЦИ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 3 | 3 |
| * Началник на СВР Куманово (Слободан Секирарски) | | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 1 | 1 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 12 | МВР | 8 | 2 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 17 | РЕПУБЛИЧКА ГЕОДЕТСКА УПРАВА | 1 | 1 |
| | | ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 | 0 |
| | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 2 | 1 |
| | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 8 | 2 |
| | | СУДОВИ | 3 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 5 | 4 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ТРУД И СОЦ. РАБОТА | 3 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТ.ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 13 | 8 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ | 1 | 1 |

Табела бр.4

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 89 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 57 | | | | |
| РЕШЕНИ | 19 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 31 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 11 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРИВИЧНА ОДГОВОР. | 1 | УЈП | 2 | 1 |
| * РИСТО СТЕФАНОВСКИ ЕКС ДИРЕКТОР НА ЈП | | НАРОДЕН ПРАВОБРАНИТЕЛ | 1 | 1 |
| ЗА СТПАНИСУВАЊЕ СО СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ | | МВР | 5 | 0 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 11 | ЈП ЗА СТОП.СО СТАМБ.И ДЕЛ.ПРОСТОР | 2 | 2 |
| ПО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА УТВРДЕНО ДЕКА | | МЕДИЦИНСКИ ЦЕНТАР | 1 | 1 |
| НЕМА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | 2 | ГРАДСКИ ТРГОВСКИ ЦЕНТАР | 4 | 3 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 5 | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 5 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ | 7 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛИЕ | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 1 | 0 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦ.ПОЛИ. | 1 | 0 |

Табела бр.5

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 96 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 59 | | | | | |
| РЕШЕНИ | 26 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 31 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 17 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 8 | УЈП | 2 | | 0 |
| * добиена информација за покрената постапка од ЈО | 2 | РЕПУБЛИЧКИ СУДСКИ СОВЕТ | 13 | | 6 |
| ПО ИЗВРШЕНА ПРОВЕРКА УТВРДЕНО ДЕКА | | МВР | 1 | | 0 |
| НЕМА НЕПРАВИЛНОСТИ | 1 | ЦАРИНСКА УПРАВА | 1 | | 1 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 17 | СУДОВИ | 2 | | 2 |
| | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 1 | | 1 |
| | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 4 | | 2 |
| | | МИНИСТЕРСТ ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ | 2 | | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 1 | | 0 |
| | | ДЕЛОВНИ БАНКИ | 4 | | 4 |

Табела бр.6

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 32 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 23 | | | | |
| РЕШЕНИ | 5 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 30 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 21 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 1 | УЈП | 3 | 0 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 4 | АГЕНЦИЈА ЗА ПРИВАТИЗАЦИЈА | 1 | 1 |
| | | МВР | 1 | 0 |
| | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 2 | 1 |
| | | СУДОВИ | 4 | 1 |
| | | ДЕЛОВНИ БАНКИ | 18 | 18 |

Табела бр.7

| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 54 | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 44 | | | | | |
| РЕШЕНИ | 9 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 19 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ | 8 |
| ИНИЦИЈАТИВИ ЗА КРИВИЧНА ОДГОВОР.<br>* РИБНИК „БЕЛИЦА" | 1 | УЈП | 8 | | 4 |
| | | ДРЖАВЕН ДЕВИЗЕН ИНСПЕКТОРАТ | 1 | | 1 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 2 | МВР | 5 | | 1 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 6 | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 5 | | 2 |

Табела бр.8

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ПРИСТИГНАТИ ПРЕТСТАВКИ ВКУПНО 65 | | | | |
| ЗЕМЕНИ ВО РАБОТА 46 | | | | |
| РЕШЕНИ | 18 | ИСПРАТЕНИ ДОПИСИ | 17 | ДОБИЕНИ ОДГОВОРИ 9 |
| ДОСТАВЕНИ НА НАДЛЕЖЕН ОРГАН | 4 | АМСМ | 1 | 1 |
| УТВРДЕНА НЕНАДЛЕЖНОСТ И РЕЗОЛУЦИИ | 14 | МОНОПОЛСКА УПРАВА | 1 | 0 |
| | | МВР | 2 | 1 |
| | | СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА | 1 | 1 |
| | | ВЛАДА НА РМ | 1 | 0 |
| | | ЈАВНО ПРАВОБРАНИТЕЛСТВО | 1 | 1 |
| | | ОСНОВНО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО | 5 | 3 |
| | | АДВОКАТСКА КОМОРА | 1 | 1 |
| | | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ | 1 | 0 |
| | | СОБРАНИЕ НА РМ | 2 | 1 |
| | | МАКЕДОНСКИ ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ | 1 | 0 |

# ДОНАЦИИ И

# СТРАНСКА ПОМОШ

ПРИЛОГ 2

# ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОНАЦИИ И ДРУГА СТРАНСКА ПОМОШ ЗА ДРЖАВНИ ОРГАНИ – ДОПИСИ -

Државната комисија за спречување на корупцијата со допис бр. 12-66/1 од 29. 01. 2003 год. се обрати до Владата на РМ со барање да биде известена за користењето на странска помош. Во барањето е наведено дека според член 26 став 1 од Законот за спречување на корупцијта, кога како корисници на донации и друга странска помош се јавуваат државните органи, тие се должни да ја известат Државната комисија за начинот на користењето на средствата од донацијата или другата странска помош. Во дописот е наведено што треба да содржи Извештајот за користењето на донацијата или другата странска помош, како и барање да се одговори на дописот најдоцна до 20. 02. 2003 година.

На 20. 03. 2003 год. од Секторот за европска интеграција при Генералниот секретатријат на Владата на РМ доставено е ЦД со податоци за донации и друга странска помош ажурирани до средината на 2002 година со напомена дека податоците се нецелосни бидејќи корисниците не се обврзани да го известуваат Секторот за европска интеграција за добиените донации.

Бидејќи ниту еден државен орган не достави извештај за добиени донации или друга странска помош, на 28. 03. 2003 год со допис бр. 12-66/1 повторно е побарано од Владата на РМ да ја извести Државната комисија за донациите или другата странска помош што ја користат државните органи и на седница на Владата со заклучок да се задолжат сите корисници на донации во 2003 година до Државната комисија да достават целосен Извештај за начинот на користење на средствата.

На истиот датум (28. 03. 2003 год) со допис бр. 12-66/2 е побарано од гувернерот на НБРМ да достави податоци за користените донации или друга странска помош од почетокот на 2003 година преку евиденцијата што се води во НРБМ. Допис со исто барање е доставен и до директорот на Царинската управа на РМ.

На 01. 04. 2003 добиен е допис бр. 12-5 од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство со известување дека е склучен договор за кредит со Владата на Германија за проект.

На 15. 04. 2003 година од НРБМ добиен е допис бр. 1156/2 кој во прилог содржи преглед на донациите

што државните органи ги добиле преку НРБМ во периодот од 01. 01. до 09. 04. 2003 година.

На 27. 05. 2003 година со допис бр. 12-66/4 доставена е Ургенција до директорот на Царинската управа со барање да достави известување за користените донации или друга странска помош преку евиденцијата што ја води Царинската управа за ослободување од плаќањето на царинските и други давачки кога се работи за странска помош за увезени стоки, технички и други материјални средства наменети за државните органи.

На 02. 07. 2003 год Царинската управа на РМ со допис бр. 07-2434/2 достави преглед на корисници на стоки, технички и други материјални средства што се ослободени од плаќањето на царинските и други давачки за периодот од 01. 01. до 31. 05. 2003 година.

На 28. 10. 2003 година со допис бр. 12-66/6 е побарано од Владата на РМ да го постави барањето на Државната комисија на дневен ред и да ги задолжи државните органи да ги доставуваат бараните податоци за добиената странска помош и донации, како и начинот на нивното користење.

На 19. 11. 2003 год. Владата на РМ достави до Државната комисија Извадок од Нацрт-записникот од 57 седница на Владата одржана на 17. 11. 2003 година со која известува дека го разгледала барањето на Државната комисија и го усвојува и ги задолжува државните органи што користат донации или друга странска помош на шест месеци да доставуваат извештаи за начинот на користење на тие средства до Државната комисија. За донациите и помошта наменета за локалната самоуправа и невладините организации, хуманитарните организации и верските организации, Владата предлага Државната комисија да побара извештаи непосредно од тие субјекти.

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** 7

Формирање и услови за работа на Државната комисија 7
Статус на Комисијата и членовите 8

**АКТИВНОСТИ** 9

Одржани седници, состаноци и други активности 9
Соработка со други државни органи и институции 10
Постапка по анкетни листови за пријава на имотната состојба 12
Постапка по пријави од граѓани 14
1. Претставки за неправилности во постапките за приватизација 15
2. Претставки за работа на државни органи 16
3. Претставки во врска со работата во јавните претпријатија, здравството и образованието 16
4. Претставки за работата на судството 17
5. Претставки во врска со стечајни постапки 17
6. Претставки за девијантни појави во фирми 18
7. Други видови претставки 18
Постапки по иницијатива на Државната комисија 19
Соработка со други органи во постапувањето 25
Ефикасноста на Државната комисија во работата по конкретни предмети и претставки 26
Транспарентност во постапувањето 27
Државна програма за превенција и репресија на корупцијата 27
Користење на донации и друга странска помош од страна на државни органи 32
и) Корупцијата во политиката 32
Учество на семинари, конференции и други состаноци 34
Соработка со НВО и медиуми 35
Меѓународна соработка 35
Измена на Законот за спречување на корупцијата 36
Генерални согледувања и оценки 37

**Препораки** **38**
**Предлог Заклучоци** **38**

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА ПО ПРЕДМЕТИ** 39

**ДОНАЦИИ И СТРАНСКА ПОМОШ** 49

***ИНФОРМАЦИЈА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ДОНАЦИИ И ДРУГА СТРАНСКА ПОМОШ ЗА ДРЖАВНИ ОРГАНИ*** ***51***